Совет на Општина Делчево
Број 09-393/2
12.02.2026 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Петта седница на
Советот на Општина Делчево

Петтата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 12.02.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 10:00 часот.

На Седницата присуствуваа сите 15 советници, образлгачите на точките и претставници на медиумите.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, кој име се заблагодари на советниците за нивното присуство и рече дека Записникот од 4.седница не е ставен на дневен ред бидејќи истиот сè уште не е завршен од оправдани причини.

За 5. седница на Советот на Општина Делчево, тој го предложи следниот

Дневен ред

1. Предлог-Одлука за определување на висината на надоместокот на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево;
2. Предлог-Одлука Одлука за определување на висината на надоместокот на членовите на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево;
3. Предлог-Одлука за прифаќање на донација противпожарна опрема;
4.Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Делчево (за општински инспектор за патишта);
5. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Делчево (за општински инспектор за домување);
**Образлагач:** Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи и јавни дејности.
6.Предлог Одлука за финансиска помош на Драган Георгиев од с. Илиово;
**Образлагач:** Николчо Стојменовски-претседател на Совет и Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.
7.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за отуѓување на електронски електричен отпад за кои сметководствената вредност е нула, а кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат и не можат да се дадат на користење, продадат или разменат;
**Образлагач**: Марина Синадиновска- Вршител на должноста директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.
8.Предлог-Решение за предлагање на член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи-Делчево;
**Образлагач:** Николчо Стојменовски-претседател на Совет и Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.
9. Предлог-Одлука за давање согласност за ставање под залог на подвижни предмети сопственост на ЈКП Брегалница-Делчево како гаранција за обезбедување на плаќање на даночен долг на рати;
**Образлагач**: Марија Сумрачка-Вршител на дејноста директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.
10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр. по барање на Митко Шиндев;
11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска

документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Кирчо Анастасов;
12. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Петруш Орачки;
13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.3 по барање на Петруш Орачки;
14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Миле Мирчевски;
15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Миле Мирчевски;
16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Ванчо Мирчевски;
17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Киро Костадиновски;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, деловен објект зграда бр.2 по барање на Јанчо Вангеловски;
Образлагач: Андријана Соколовска-Помлад соработник за урбанизам.
19. Предлог-Годишна програма на Локалниот Младински Совет на Општина Делчево за 2026 година;
Образлгач: Милена Багевска-Службеник за млади.
20.Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Исусе Десподовски-претседател на Комисијата за урбанизам и заштита на ЖС, кој предложи дневниот ред за 5.седница да се дополни со точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Б1 деловен објект згр. бр. 1 –по барање на Љупчо Ковачки.

Процедурално за збор се јави Игор Гошевски кој предложи да се отпочне постапка за измена на Деловникот бидејќи ова е веќе втора седница за која материјалите се прикачуваат на платформата за електронски седници и тоа треба да биде предвидено и во Деловникот.

Претседателот на Советот истакна дека предлогот е добар и треба да се иницира постапка за измена на Деловникот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше збор, расправата по дневниот ред беше затворена.

На гласање беше ставен предлогот на Исусе Десподовски за дополнување на дневниот ред со точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Б1 деловен објект згр. бр. 1 –по барање на Љупчо Ковачки.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, предлогот за дополнување на дневниот ред беше прифатен.

Потоа, на гласање беше ставен и дневниот ред за 5.седница.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

**Прва точка-Предлог-Одлука за определување на висината на надоместокот на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево;**

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека законски основ за донесување на оваа одлука е член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа, член 22 од Статутот на Општина Делчево , како и а член 27 став (8) и (9) од Законот за јавните претпријатија. Со оваа одлука се утврдува висината на месечниот надоместок кој ќе го примаат претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево. Со неа се предлага висината на месечниот надоместок да изнесува 1.500,оо денари на претседателот на Надзорниот одбор на јавното претпријатие и 1.500,оо денари на членовите на Надзорниот одбор на јавното претпријатие. Овој надоместок претседателот и членовите на НО ги следува од одржана седница.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека е апсурно да се носат вакви одлуки во услови кога ЈКП е во лоша финансиска сотојба и праша колку изнесувал надоместокот досега и дали паушалот ќе се исплаќа месечно или од одржана седница?

Ивана Ивановска рече дека досега паушалот бил 600 денари по седница.

Игор Гошевски истакна дека тоа значи дека претпријатие кое е во загуба сега ќе си ги зголемува паушалите.

Ивана Ивановска рече дека овие суми со во согласност со можностите на претпријатието и ако се направи споредба колку изнесува тој надоместок во други општини, може да се каже дека и не е многу висок.

Игор Гошевски рече дека сепак треба да се има предвид дека ЈКП "Брегалница" е во загуба и во лоша финансиска ситуација, а се предлагаат и носат одлуки за зголемување на паушалот на претседателот и членовите на НО и УО и тоа од одржана седница, а не месечно.

Тони Стаменковски рече дека на денешната седница има апсурдна ситуација, на дневнен ред има две точки, две одлуки со кои се предлага зголемување на паушалот за претседателот и членовите на НО и УО на ЈКП „Брегалница", претпријатие кое е во загуба и точка со која се бара од Советот да донесе Одлука за давање согласност за ставање под залог на подвижни предмети сопственост на ЈКП Брегалница-Делчево како гаранција за обезбедување на плаќање на даночен долг на рати. Навистина ситуацијата е апсурдна, се зголемуваат паушали, а претпријатието е во страшен долг, сведоци сме дека секој ден се поднесуваат кривични пријави за несовесно работење. Тој истакна дека на почетокот на седницата сакал да побара овие две точки да се симнат од дневен ред, но причината за закажувањето на оваа седница за денес е токму поради тие точки кои се однесуваат на ЈКП „Брегалница".

Реагираше претседателот на Советот, Николчо Стојменовски, кој рече дека седницата како итна е свикана поради точка 9, а не поради тие 2 точки.

Тони Стаменковски рече дека, да така е, и поради точка 9 е свикана седницата, но сепак истакна дека негово мислење е дека не треба да се зголемуваат паушалите бидејќи претпријатието е во загуба и има голем долг.

Николчо Стојменовски рече дека и до него како претседател на Совет стигнале секакви коментари, реагирале и некои членови на НО и УО дека тие средства се малку, но сепак треба да се има предвид и фактичката состојба на јавното претпријатие. Вие велите дека не треба да се покачува, тие велат дека тие средства се малку, еве колку треба да изнесува тој паушал ако се има предвид и одговорноста на овие луѓе и финансиската состојба во која се наоѓа претпријатието, рече тој.

Ивана Ивановска рече дека може да се случи некој од членовите на овие два одбори да поднесе оставка и да се стави претпријатието во уште потешка состојба, односно да не може да функционира, па повторно да оди цела постапка, да се распишува јавен повик, па оглас, па селекција итн. На некој начин ќе се блокира работата на ЈКП, рече таа.

Тони Стаменковски праша дали членовите на НО и на УО ќе бидат ослободени од плаќање вода бидејќи порано имало такви случаи?

Претседателот на Советот, Николчо Стојменовски рече дека нема да има никакво ослободување од плаќање вода.

Горан Николовски, претседател на Комисијата за буџет, финансирање и ЛЕР, истакна дека оваа точка била разгледана на седницата на Комисијата одржана на 10.02.2026 година, можеби сумата е мала, но Комисијата дава позитивно мислење на истата, ценејќи ја и одговорноста на членовите и состојбата на јавното претпријатие.

Претседателот на Советот истакна дека и тој го дели мислењето на Комисијата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Втора точка-Предлог-Одлука Одлука за определување на висината на надоместокот на членовите на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека со оваа одлука се утврдува висина на месечниот надоместок кој ќе го примаат претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево. Претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на Управниот одбор на јавното претпријатие. Висината на месечниот надоместок изнесува 2.000,оо денари на претседателот на Управниот одбор на јавното претпријатие и 1.500,оо денари на членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече исто како и за претходната точка, така и за оваа, апсурдно е да се зголемува паушалот на претседателот и членовите на УО на ЈКП и праша колку изнесувал претходно паушалот?

Ивана Ивановска рече дека претходно паушалот изнесувал 1200 денари.

Игор Гошевски рече дека дека не е одговорно претпријатие кое работи со загуби и се наоѓа во финансиски минус да носи одлука за зголемување на паушалите на раководните структури.

Апсурдот е уште поголем ако се има предвид дека на истата седница има точка со која претпријатието става под залог две возила за да може да ги покрива тековните трошоци, но тоа, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Трета точка-Предлог-Одлука за прифаќање на донација противпожарна опрема;

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која истакна дека со оваа одлука Општина Делчево ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги од давателот на донацијата „BIDI DOBAR A NJ NONPROFIT CORPORATION 0451161055, со седиште на 43 4 th STREET PEQUANNOCK, NEW JERSEY 07440.Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во противпожарна опрема и тоа:

- 25 пара јакни;
- 25 пара панталони и
- 10 пара пожарникарски чизми .

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски дали може образлагачот да го каже името на донаторот?

Ивана Ивановска рече дека донатор е фондацијата Биди добар од Њу Џерси.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а Одлуката за прифаќање на донација противпожарна опрема, беше ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за прифаќање на донација противпожарна опрема.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Делчево (за општински инспектор за патишта);**

Точката ја образложи Ивана Ивановска која рече дека врз основа на член член 5 став 1 и став 4 од Законот за меѓуопштинска соработка Градоначалникот на општина Делчево поднесува Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип, бр.09-386/1 од 05.02.2026 година за вршење на работи и работни задачи во надлежност на општината, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, Овластен инспектор за патишта помеѓу Општина Делчево и Општина Штип. Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука ќе се достави до Општина Штип заради донесување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка. Таа истакна дека Општина Делчево нема вработено овластен инспектор за патишта, а проблемите во изминатиот период биле решавани преку други инспекциски служби, но согласно со сегашните законски прописи, инспекцискиот надзор во областа на општинските патишта можат да вршат само лица кои имаат лиценца за инспектор за патишта. Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку склучување Договори за вршење на определени работи кои се однесуваат на инспекцискиот надзор во областа на контрола на општинските патишта од страна на Општина Штип за Општина Делчево преку ангажирање овластен инспектор за патишта. Општина Делчево ќе има обврска да одвојува средства од Буџетот на Општината и да исплаќа на Општина Штип за ангажирањето инспектор за патишта, а согласно со бројот на часовите за ангажирањето ќе биде вршено плаќање, кое дополнително ќе биде рагулирано со Договорот за воспоставување меѓуопштинска соработка. Со оглед на фактот дека систематизирање ново работно место и неговото пополнување ќе предизвика поголеми финснциски инпликации на Општината, согласно со потребите на Општината, таа истакна дека со обликот за меѓуопштинска соработка поекономично ќе се решат проблемите на граѓаните на Општината, во областа на патиштата.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша дали во новите 17 предвидени вработувања со Измената на ГПВ за 2026 е предвидено работно место за општински инспектор за патишта?

Ивана Ивановска рече дека нема предвидено вакво место.

Игор Гошевски рече дека на претходната седница биле донесени Измените на ГПВ на Општина Делчево за 2026 година според кои има речиси 20 слободни места (нови вработувања) и праша дали не би било полесно да се вработи лице како општински инспектор за патишта отколку да се ангажира инспектор од Општина Штип. Тој изрази сомневање во извршувањето на обврските на инспекторот во нашата општина, бидејќи реално општинскиот инспектор за патишта има свои обврски во Општина Штип која е доста голема и во тоа дали буџетот на Општина Делчево може да поднесе вакви финансиски импликации. На крајот, И.Гошевски праша од која ставка и од која Програма ќе се исплатуваат средствата за работата што ќе ја врши општинскиот инспектор за патишта?

Ивана Ивановска рече дека порано во нашата општина имало општински инспектор за патишта, бидејќи работното место било општински инспектор за сообраќај и патишта, но согласно последните законски измени мора да се разделат работните задачи, не може 1 лице да биде и за сообраќај и за патишта. Затоа работното место на испекторот претрпело измени и сега е само општински инспектор за сообраќај. Инаку општинскиот инспектор за патишта од Штип кај нас ќе доаѓа само на наше барање и така и ќе се врши исплата, согласно часовите за кои бил ангажиран. Имајќи

предвид дека инспекторите 3 години по ред имаа додаток на плата по 10% или вкупно 30%, Општина Делчево смета дека сега засега тоа е најекономична враијанта, односно тој облик на меѓуопштинска соработка е најекономичен. За прашањето од која ставка и од која Програма ќе се исплатуваат средствата, се уште не можам да кажам, бидејќи можеби нашиот предлог за меѓуопштинска соработка е само првиот чекор и можеби нема да биде прифатен од страна на општина Штип, рече И.Ивановска.

Претседателот ан Комисијата за буџет, финансирање и ЛЕР, Горан Николовски, рече дека и оваа одлука била разгледана на седница на Комисија. Покрај текстот на одлуката, бил разгледан и Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип во кој е објаснета целокупната постапка за меѓуопштинска соработа Тој истакна дека Комисијата дала поддршка на оваа одлука.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА", 3 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Одлука.

Петта точка-Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Делчево (за општински инспектор за домување);

Образлагач по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи и јавни дејности која истакна дека исто како и за претходната точка, така и за оваа од страна на нашиот градоначалник е доставен предлог за за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Штип, бр.09-387/1 од 05.02.2026 година за вршење на работи и работни задачи во надлежност на општината, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, Овластен домување помеѓу Општина Делчево и Општина Штип. Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука ќе се достави до Општина Штип заради донесување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка. Таа истакна дека до денес Општина Делчево нема вработено општински инспектор за домување, а проблемите во изминатиот период биле решавани преку други инспекциски служби, но согласно со сегашните законски прописи, инспекцискиот надзор во областа на домување можат да вршат само лица кои имаат лиценца за инспектор за домување, дополнително сметаме дека инспектор од друга општина при вршењето на надлежностите од Законот за домување ќе дејствува независно и непристрано во нашата општина.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека не му е јасно зошто при толку многу вработени, Општина Делчево нема вработено општински инпектор за домување кога реално има потреба. Општина Делчево станува туристички град кој секојдневно има голем број на туристи, се градат повеќе хотели и други сместувачки капацитети каде што престојуваат туристи. Покрај нив, постојат и такви кои нудат сместување во станови во колективни станбени згради и куќи, а туристичката такса не се собира и не се пријавува.

Ивана Ивановска рече дека ова за што зборува советникот се однесува на инспектор за туризам и угостителство, не за инспектор за домување. Оваа одлука се однесува за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Делчево.

Тони Стаменковски праша кои се задачите и обврските на општинскиот инспектор за домување?

Ивана Ивановска рече дека неговите работни задачи, обврски и надлежности се дефинирани во Законот за домување , односно ги уредува видовите објекти за домување, управувањето со станбените згради, односите меѓу сопствениците на посебните делови и трети лица, заедницата на сопствениците, евиденцијата на становите, закупничките односи во домувањето, начинот на управување и одржување на објектите, правата и обврските на Републиката, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во домувањето. За остварување на една од надлежностите на

Општина Делчево во однос на одредбите од овој Закон неопходен е инсекцискиот надзор на општинскитете инспектори за домување, бидејќи само со инспекциски надзор може да се постигне одредено ниво на почитување на одредбите од Законот за домување во Општината.

Игор Гошевски смета дека Општина Делчево треба да систематизира такви места, односно стратешки да ги планира вработувањата според реалните потреби и да гради сопствени капацитети, без да се доведува во ситуација да зависи од други општини за клучни сектори.

Ивана Ивановска рече дека овој модел на меѓуопштинска соработка на еден начин ќе даде анализа за реалната потреба и за фактичката состојба во нашата општина, рече таа. Тоа е процес, оваа одлука денес е само одлука од наша страна, можеби Општина Штип нема да го прифати овој предлог за меѓуопштинска соработка, во минантиот состав на Советот, Општина Берово не го прифати предлогот за меѓуопштинска соработка во делот на туризмот и угостителството, кој бил понуден од наша страна,

Тони Стаменковски рече ако во претходниот состав на Советот на Општина Делчево не бил прифатен предлогот за меѓуопштинска соработка од страна на Општина Берово, врз основа на што мислите дека сега ќе биде прифатен од страна на Општина Штип?

Претседателот на Советот рече дека предлогот ќе биде прифатен врз основа на релациите и соработката на двете општини, како и на смената на составот на советниците и градоначалниците.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Делчево.

**Шеста точка-Предлог Одлука за финансиска помош на Драган Георгиев од с. Илиово;**

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски-претседателот на Советот кој истакна дека, до Советот на Општина Делчево од страна на Драган Георгиев, татко на 3 малолетни деца и самохран родител од с.Илиово, е доставено барање за финансиска помош. Тој предложи сума од 30.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Седма точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за отуѓување на електронски електричен отпад за кои сметководствената вредност е нула, а кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат и не можат да се дадат на користење, продадат или разменат;**

Образлагач по оваа точка беше Марина Синадиновска- Вршител на должноста директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево која истакна дека имајќи го предвид законот за користење и располагање со стварите во државната сопственост и со стварите во општинска сопственост, како и прописите за управување со отпадот и оредбите со кои е уредено управувањето со движни ствари во сопственист на фржавата за кои сметководствената вредност е нула, а кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат и не можат да се дадат на користење, продадат или разменат, СОУ „М.М. Брицо“ бара согласност за отуѓување на електронски и електричен отпад чија сметководствената вредност е нула, а кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат и не можат да се дадат на користење, продадат или разменат. Во прилог на материјалите до советниците е доставена Одлука на Училишен одбор за отуѓување на електронски електричен отпад за кои сметководствената вредност е нула, а кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат и не можат да се дадат на користење, продадат или разменат, бр.02-72/3 од 26.01.2026 година, Записник за извршен попис на електронски е електричен отпад, како и Список на попишан електронски и електричен отпад . Бараме од Советот на Општина Делчево согласност за отуѓување, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор сеј ави Тони Стаменковски кој истакна дека има проблем со дополнителните материјали по некои точки кои с еприкачени на нсистемот бидејќи не може да ги отвори.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Училишниот одбор во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за отуѓување на електронски електричен отпад за кои сметководствената вредност е нула, а кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат и не можат да се дадат на користење, продадат или разменат;

**Осма точка-Предлог-Решение за предлагање на член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски-претседател на Совет и Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, кој истакна дека со ова Решение за член во Управниот одбор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево од Општина Делчево се предлага Сузана Петровска- вработена во општинската администрација при Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, 4 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за предлагање на член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи-Делчево;

**Деветта точка-Предлог-Одлука за давање согласност за ставање под залог на подвижни предмети сопственост на ЈКП Брегалница-Делчево како гаранција за обезбедување на плаќање на даночен долг на рати;**

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-Вршител на дејноста директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево која рече дека денешната одлука е принудна мерка предизвикана од незаконското и несовесното работење на претходното раководство на јавното претпријатие.

„Со оваа одлука, Советот на Општина Делчево треба да даде согласност на ЈКП „Брегалница“ за ставање под залог на подвижни предмети сопственост на ЈКП Брегалница-Делчево, односно две возила, Товарно возило за специјална намена, марка Renault и товарно возило марка UAZ. Наведените две возила кои се сопственост на ЈКП се ставаат по залог заради неплатен долг за ДДВ во износ. На денот на примопредавањето на функцијата, вкупниот долг изнесува 1.971.390 денари. По започнувањето на пристигнување на даночни пријави од страна на УЈП, веднаш било поднесено барање за репрограмирање на долгот., со цел да се спречи блокада на сметката на ЈКП и носење на нови извршни реченија која уште повеќе би го зголемиле долгот и би ја искомплицитала ситуацијата на претпријатието. Во периодот на управување на претпријатието од страна на претходниот директор, не го плаќал навреме долгот кон УЈП и со ваквата постапка предизвикал долгот да се акумулира и достигне сума од речиси 2 милиони денари, со што предизвикал финансиска нестабилност на претпријатието и го довел во прашање неговото нормално фунционирање и давање на услуги кон граѓаните. Неплаќањто на законски утврдените даночни обврски, не е админстративен пропуст туку сериозна злоупотреба на службената положба и овластување и прекршување на законските норми. Ваквото постапување отвара оправдано сомнение за злопотреба на службената положба и овластување и несовесно работење. Ставањето под залог на овие две возила како гаранција за обезбедување на плаќање на даночен долг на рати е крајна, но неопходна мерка за спречување на понатамоѓно зголемување на долгот, блокада на сметките на претпријатието и други негативни финансиски последици. Оваа одлука е финансиска и законска нужност, за заштита на интересита на граѓаните, стаблизирање на работењето на самото претпријатие. Затекнатите долгови и ризици за претпријатието се сериозен индикатор за одговорност на претходниот директор. Јас како директор, за оваа ситуација, иницирав постапка пред надлежните институции и ќе инсистирам на

законска одговорност, рече ВД директорката на ЈКП „Брегалница“.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој праша колку изнесува вкупниот долг на ЈКП Брегалница кон УЈП?

Марија Сумрачка, ВД директор на ЈКП „Брегалница“ рече дека долгот изнесува 1.971.390 денари.

Игор Гошевски рече кога веќе ја предлагате оваа одлука за давање согласност за ставање под залог на подвижни предмети сопственост на ЈКП Брегалница-Делчево како гаранција за обезбедување на плаќање на даночен долг на рати и претпријатието е во лоша финансиска состојба, зошто се донесуваат одлуки за зголемување на паушалите за претседателите и членовите на НО и УО?

Марија Сумрачка, ВД директор на ЈКП „Брегалница“ рече дека до неа не е доставен таков документ (за покачување на паушалите на претседателите и членовите на НО и УО).

Игор Гошевски праша кој го дал предлогот за зголемување на паушалите?

Ивана Ивановска рече законски надоместокот го утврдува Советот на Општината, затоа и се предложени овие одлуки, а предлогот е на градоначалникот.

Горан Николовски претседател на Комисијата буџет, финансирање и ЛЕР праша за кој временски период се даваат двете возила?

Марија Сумрачка, ВД директор на ЈКП „Брегалница рече за време од 1 година треба да се исплати долгот кон УЈП.

Претседателот на Советот го повика претседателот на Комисијата буџет, финансирање и ЛЕР да се произнесе во врска со оваа точка.

Горан Николовски претседател на Комисијата буџет, финансирање и ЛЕР рече дека оваа точка ја разгледале на седница на комисија, но не донеле конечно мислење бидејќи сметаат дека немаат доволно податоци.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за ставање под залог на подвижни предмети сопственост на ЈКП Брегалница-Делчево како гаранција за обезбедување на плаќање на даночен долг на рати.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр. по барање на Митко Шиндев;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-279 од 09.03.2016 година, од страна на Митко Шиндев од с.Вирче – Делчево за бесправно изграден објект, станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 4 изграден на КП бр.2309 КО Вирче запишана во имотен лист бр. 395 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат. Земјиштето е приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ 3 „ВОЗДРЖАНИ и двајца советници не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр. по барање на Митко Шиндев.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански**

**опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Кирчо Анастасов;**

И оваа точка ја образложи Адријана Соколовска која рече дека со одлуката е утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-37 од 25.12.2015 година, од страна на Кирчо Анастасов од ул.„Кеј на Брегалница“ бр.4/1-8 – Делчево за бесправно изграден објект, станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр.6116 КО Град запишана во имотен лист бр. 786 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат. Земјиштето е во приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ 3 „ВОЗДРЖАНИ и двајца советници не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр. по барање на Кирчо Анастасов.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Петруш Орачки;**

Во врска со оваа точка Адријана Соколовска рече дека со неа се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-356 од 24.12.2018 година, од страна на Петруш Орачки од ул.„Кеј на Брегалница“ бр.1/2-1 – Делчево за бесправно изграден објект, помошен објект – означен во елаборат како зграда бр. 2 изграден на КП бр.1159/1 КО Тработивиште запишана во имотен лист бр. 660 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ 3 „ВОЗДРЖАНИ и тројца советници не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Петруш Орачки. Земјиштето е во приватна сопственост.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект гаража зграда бр.3 по барање на Петруш Орачки;**

Андријана Соколовска рече дека и оваа точка се однесува за Петруш Орачки, за објект гаража. И ова е приватно земјиште.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ 3 „ВОЗДРЖАНИ и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект гаража, зграда бр.3, по барање на Петруш Орачки.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Миле Мирчевски;**

Во врска со оваа точка Адријана Соколовска рече дека со неа се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за

утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-532 од 11.08.2011 година, од страна на Миле Мирчевски од с.Драмче – Делчево за бесправно изграден објект, станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр.1899/1 КО Делчево запишана во имотен лист бр. 10476 и КП бр.1899/2 КО Делчево запишана во имотен лист бр. 10344 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат. Земјиштето е приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ 3 „ВОЗДРЖАНИ и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Миле Мирчевски.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Миле Мирчевски;**

Андријана Соколовска рече дека и оваа одлука е со ист барател Миле Мирчевски, станува збор за помошен објект зграда бр.2. Земјиштето е сосопственост.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ 3 „ВОЗДРЖАНИ и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект зграда бр.2 по барање на Миле Мирчевски.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект помошен објект зграда бр.1 по барање на Ванчо Мирчевски;**

И оваа точка ја образложи Андријана Соколовска која истакна дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-322 од 11.12.2018 година, од страна на Ванчо Мирчевски од ул.„Борис Кидрич“ бр.2 – Делчево за бесправно изграден објект, Објект помошен објект – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр.1899/1 КО Делчево запишана во имотен лист бр. 10476 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат. Земјиштето е сосопственост.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“ 3 „ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект зграда бр.1 по барање на Ванчо Мирчевски.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Киро Костадиновски;**

Андријана Соколовска рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-602 од 15.08.2011 година, од страна на Киро

Костадиновски од ул.Пере Тошев бр.12 од Делчево за бесправно изграден објект, станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр.7851 КО Драмче запишана во имотен лист бр.261 КО Драмче, КП бр.7849 КО Драмче запишана во имотен лист бр.160 КО Драмче и КП бр.7836 КО Драмче запишана во имотен лист бр.198 КО Драмче кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА" 3 „ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Киро Костадиновски.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, деловен објект зграда бр.2 по барање на Јанчо Вангеловски;**

Образлагач по точката беше Андријана Соколовска која истакна дека со одлуката се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-423 од 28.12.2018 година, од страна на Јанчо Вангеловски од ул.Орце Николов бр.101 од Делчево за бесправно изграден објект, деловен објект – означен во елаборат како зграда бр. 2 изграден на КП бр.3167 КО Стамер запишана во имотен лист бр.285 КО Стамер кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА" 3 „ВОЗДРЖАНИ и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, деловен објект зграда бр.2 по барање на Јанчо Вангеловски.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Годишна програма на Локалниот Младински Совет на Општина Делчево за 2026 година;**

Образлгач по оваа точка беше Милена Багевска-Службеник за млади која рече дека младите се иницијатори и носители на опшествени промени, како во државата така и на локално ниво во нашата општина. Младите се извор на идеи и иновации,потенцијал кој треба да се искористи и насочи кон социјален, економски и културен напредок на општината. Годишната програма за работа на Локалниот младински совет (ЛМС) има за цел да изгради партнерство помеѓу Градоначалникот и Советот на Општина Делчево помеѓу институциите, граѓански здруженија и невладини организации, и пред се за младите лица од поголема инклузивност, социјалн дијалог и интегрираност на младите во носењето на политики за младите во Општина Делчево. Областите кои се претставени како приоритети за решавање се добиени преку формални и неформални состаноци со Локалниот младински совет на Општината, како и Собранието на млади составено од делегати предложени од повеќе организации кои делуваат на територијата на општина Делчево. Локалниот младински совет се состои од пет члена избрани по пат на доставени апликации на јавен повик за предлагање на кандидатите за избор на членови на ЛМС на општина Делчево. Одлуката за верификација на мандатите на членовите на ЛМС е донесена од страна на советот 30.01.2026 Број 09-307/1 .

Со оваа Програма се очекува регулирање на односите помеѓу младите и сите други чинители во општеството со посебен акцент на локалната самоуправа и на Советот на општината како носители на политиките на локално ниво како и локалната заедница и бизнис – секторот, невадини организации кои треба да ја препознаат и унапредат положбата на младите.

Програмата за млади на Општина Делчево за 2026 година е градена врз основа на Законот за

локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020). Исто така, Програмата го консултира и Законот за еднакви можности „Сл. весник “ бр 201/15) и Стратегијата за родова еднаквост на општина Делчево 2023/26.
Оваа Програма има за цел да обезбеди:
- Креирање и спроведување политика на млади на сите нивоа преку повеќе секторски пристап поаѓајќи од потребите и интересите на младите, вклучително и различните интереси кои произлегуваат од родовата припадност;
- Учество на младите во процесите на креирање политики за млади, нивно информирање, промоција и заштита на нивните интереси, како и поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинска работа;
- Поттикнување личен, професионален и социјален развој на младите, како и давање поддршка и помош на локалните млади.
Градење на капацитетите преку Локалниот младински совет, како репрезентативно тело на младите на локално ниво, како и сите организации за млади или организации кои се занимаваат со решавање младински прашања ќе бидат поддржани од страна на општина Делчево.Вкупниот буџет за реализација на оваа програма е 100.000 денари.

Доколку имате прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Годишната програма на Локалниот Младински Совет на Општина Делчево за 2026 година;

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект Б1 деловен објект згр. бр. 1 –по барање на Љупчо Ковачки.**

Образлагач по оваа точка поднесе Андријана Соколовска-Помлад соработник за урбанизам која рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-1680 од 31.08.2011 година, од страна на Љупчо Ковачки од ул.„Македонска“ бр.8 с. Тработивиште – Делчево за бесправно изграден објект, Б1 деловен објект – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр.920 КО Тработивиште запишана во имотен лист бр. 96 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ 3 „ВОЗДРЖАНИ и 1 советник не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, деловен објект зграда бр.2 по барање на Љупчо Ковачки.

**Дваесет и прва точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

**Игор Гошевски**, **до Градоначалникот на Општина Делчево и Сузана Петровска-** Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси

1. Од која програма и до која ставка ќе се обезбедат средства за раеализација на мерките и активностите предвидени во Програмата за социјална заштита за 2026?

2. Од која програма и до која ставка ќе се обезбедат средства за раеализација на мерките и активностите предвидени во Програмата за еднакви можности?

3. Од која програма и до која ставка ќе се обезбедат средства за плати за нововработените во Измените на годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2026 година**?**

4. Редовно да се поставуваат видео снимки од седниците на Советот на официјалната веб-страница бидејќи за последните две седници не се прикачени.

Со исцрпувањето на дневниот ред, Петтата седница заврши со работа во 12:00 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Д-р Николчо Стојменовски

Записникот го водела
Снежана Трајкова